# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 10.12.2024 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.51 ГОД.29 | |


## С о д р ж и н а


1.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

2.Одлука за формирање на Подружница на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-објект „Малото славејче“-с.Моноспитово.

3.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово.

4.Одлука за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

5.Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Босилово.

6.Програма за изработка на Урбанистички планови во општина Босилово за 2025 година.

7.Програма за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште на територијата на општина Босилово за 2025 година.

8.Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Босилово.

9.Одлука за поставување на спомен-биста на Мануш Горгиев-Турновски во дворот на Домот на културата во с.Турново

10.Програма за реализација на **НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА „НОВОГОДИШНА МАГИЈА БОСИЛОВО 2025“.**

11.Одлука за доделување на 100 Новогодишни пакетчиња за децата од ПОУ„Св.Кирил и Методиј“-с.Секирник во рамки на Новогодишната програма.

12.Решение за разрешување на член на Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово.

13.Решение за именување на член на Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово.

14.Одлука за прифаќање на донација од Наце Трајков од с.Муртино,кој живее и работи во Италија.

15.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари.

16.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари.

17.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари.

18. Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари.

19.Одлука за доделување на финансиски средства на Фестивалот на детски песни „Песни под елка-Штип 2024“ како спонзорсво за организација на Фестивалот на ден 27.12.2024 година,во износ од 18.500 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2491/1 за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2509/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2492/1 за формирање на Подружница на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово –објект „Малото славејче“-с.Моноспитово,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2510/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 11 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За формирање на Подружница на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-објект „Малото славејче“-с.Моноспитово**

Член 1

Се формира Подружница на ЈОУДГ„Среќни насмевки“ Босилово -објект на детска градинка „Малото славејче“-с.Моноспитово,кој се наоѓа на к.п.бр.1201/1 во КО Моноспитово,запишан во Имотен лист бр.1730 за КО Моноспитово,а кој е превземен со Одлука на Советот на општина Босилово бр.08-1890/1 од 30.09.2024 година од детската градинка „Прва радост“-Василево.

Член 2

Објектот на детската градинка „Малото славејче“ во с.Моноспитово располага со капацитет за згрижување на 40 деца од предучилишна возраст кои се опфатени во три групи и располага со корисна површина од 159,45 м.кв.

Член 3

Статусните промени во врска со формирањето на Подружницата на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-објект „Малото славејче“ с.Моноспитово ќе бидат вметнати во Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово.“

Бр.08-2492/1<br>10.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Совет на општина Босилово<br>Претседател,<br>Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2493/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово,со арх.број:02-307/3 од 29.11.2024 година,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2511/1<br>10.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Општина Босилово<br>Градоначалник,<br>Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово со арх.број:02-307/3 од 29.11.2024 година**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово со арх.број:02-307/3 од 29.11.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2493/1 | Совет на општина Босилово
10.12.2024 година | Претседател,
Б о с и л о в о | Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2494/1 за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2512/1 | Општина Босилово
10.12.2024 година | Градоначалник,
Б о с и л о в о | Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член5 од Законот за даноци на имот(Сл.весник на РМ бр.61/04,92/07,102/08,35/11,53/11)и Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот(Сл.весник на РМ бр.50/05,40/10,46/10)и член 21 ст.1 алинеја 5 од Статутот на Општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21.1 ) Советот на Општина Босилово на седница одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

***О Д Л У К А***

***За утврдување пазарната вредност на недвижниот имот***

***Член 1***

Пазарната вредност на недвижниот имот во општина Босилово ќе се врши согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот,која пазарна вредност може да се постигне во слободниот промет до моментот на настанување на даночната обврска и тоа за следните видови недвижности:

- ЗГРАДИ

-стамбени згради и станови(балкони,подруми,логии и тераси)

-деловни згради и деловни просторија

- административни згради и административни простории

-згради и станови за одмор и рекреација,

-земјишта,

-земјоделско земјиште

-градежно земјиште

-шуми,и

-пасиште

-др.градежни објекти

-гаража

-помошни објекти(амбари,штали,,плевни,шупи)

-др.недвижен имот

***Член 2***

Пазарната вредност на зградите,земјиштето и другите градежни објекти се утврдува во пресметковни бодови по м2 функционална површина за згради и други градежни објекти и по м2 површина за земјиште,во зависност од видот на имотот и според основни и дополнителни елементи содржани во Методологијата(класа на земјиште).

***Член 3***

При утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште се зема се зема во предвид местоположбата на земјиштето(Микро и макро локацијата) планитаното,односно утврденото право на градењеи степеност на уреденост ,а за земјоделското земјиште видот на земјоделското земјиште,земјоделската култура и класа,стрмнина,длабочина,ерозија,можност за иригација,користење на машинерија,апсорпција на вода и др.

Основа за пресметување на пазарната вредност на недвижноста – ниви е Методологијата за пресметување на пазарната вредност на недвижноста но во зависност од движењето на цените на зејоделското земјиште е изготвен табеларен приказ на пресметка кој следува подолу;

Табеларниот приказ на пазарната вредност на земјоделското земјиште е даден во прилог на одлуката по класи и м2 а е основа на движењето на купопродажната цена на земјиштето во претходната година.

I.

| ***Катастарска општина*** | | ***КЛАСИ*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***1*** | ***2*** | ***3*** | ***4*** | ***5*** | ***6*** | ***7*** | ***8*** |
| 1 | Босилово | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 2 | Бориево | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 3 | Гечерлија | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 4 | Дрвош | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 5 | Еднокуќево | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 6 | Иловица | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 7 | Моноспитово | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 8 | Петралинци | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 9 | Радово | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 10 | Робово | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 11 | Сарај | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 12 | Секирник | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 13 | Турново | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 14 | Хамзали | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 15 | Штука | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |
| 16 | Старо Балдовци | ***60*** | ***60*** | ***50*** | ***50*** | ***40*** | ***40*** | ***30*** | ***30*** |

II.1.Процена на недвижноста со зголемен процент на вредноста со оглед на локацијата:

1.Категорија на земјиште во урбанизиран дел во населени места Робово ,Босилово Блок А и населените места кои се опфатени со Програмата за изработка на урбанистички планови и ќе бидат изработени во 2025 година надоместокот ќе изнесува:

**Вредност............................................................................................... 300,00 денари/м2**

2.Градежно земјиште-двориште

***Вредност...........................................................300,00 денари/м2 во сите населени места во општината***

***3.Земјоделско земјиште во атарите на сите населени места без оглед на неговата класа..........................................200,00 ден./м2***

4.Пазарна вредност на градежно земјиште во урабанизиран дел во с.Робово, и,с.Хамзали и други урбанизирани зони

***Вредност.......................................................................300,00 денари/м2***

Табеларниот приказ за проценка е само појдовна основа за проценка на пазарната вредност на недвижноста,бидејки во зависност од останатите елементи како и вистински постигната цена до колку е повисока од вредноста дадена во табелата ќе биде основ за проценка.

До колку комисијата утврди дека има отстапување од цената спрема табеларниот приказ и утврдената меѓусебно постигната цена ќе излегува на лице место и ќе ги зема во предвид сите основни и дополнителни елементи,местоположба,атрактивност и можност земјоделското земјиште да премине во градежно во таа смисла може на земјоделското земјиште да му се даде и друга вредност од утврдената спрема табелата

III. Пазарната вредност на објектите(куќи,станови,помошни објекти,шупи и други деловни објекти)се утврдува согласно Методологијата на Министерството за финансии и Прирачникот за администрирање на локални даноци и такси спрема елементите за проценка на пазарната вредност на соодветниот објект,и тоа спрема следните зони

**XVI Зона: населените места Босилово,Робово,Турново,Секирник и Хамзали**

**XVIIЗонанаселенитместа Моноспитово,Еднокуќево,Бориево,РадовоПетралинци и СараЈ**

**XVIII Зона населените места *Гечерлија , Дрвош , Старо Балдовци,Иловица и Штука.***

***Очекуван приход од данок на промет во 2025 година..............2.000.000,00 ден.***

Бр.08-2494/1<br>
10.12.2024 година<br>
Босилово

Совет на општина Босилово<br>
Претседател,<br>
Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2495/1 за утврдувањ е на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Босилово за 2025,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2513/1
10.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр.8/08) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 год ја донесе следната:

**Одлука**

За утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски срества за изградба, реконструкција , одржување и заштита на Општинските патишта и улици во општина Босилово за 2025 година

Член 1

Финансиски срества за изградба, реконструкција , одржување и заштита на Општинските улици и патишта се обезбедуваат од :

- Поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на патот – улицата,
- Приклучување на пристапен пат на јавен пат – улицата,
- Поставување на инсталации вотрупот на патот- улицата и во патниот појас,
- Изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено мест.
- Прекумерно користење на пат – улица,
- Вонреден превоз
- Штета сторена на патот- улицата и објектите на патот- улицата

Член 2

За поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта и улици во Општина Босилово се плаќа надоместок и тоа:

- За големина од 0,5 м2......................................................................... 2 000,00 денари
- За големина од 0,5 м2 – 1,00 м2.................................................. 4 000,00 денари
- За големина од 1,00м2 – 3,00 м2................................................. 7 000,00 денари
- За големина преку 3,00 м2 ............................................................ 15 000,00 денари

Дозвола за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските улици и патишта издава Градоначалникот на општина Босилово.

Член 3

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта и улици или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општинскиот пат – улица врз основа на одобрение издадено од општината.

Надоместокот за приклучување на пристапен пат до општинскиот пат – улица изнесува 10. 000, 00 денари.

Член 4

Надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општинските патишта и улици изнесува 200.00 денари по метар должен поставена инсталација.

Дозволата за поставување на инсталацијата во во патниот и заштитниот појас на општинските патишта и улици, издава градоначалникот на општина Босилово по претхона согласност издадена од општината (Одделение за просторно-урбанистичко планирање, .градење и заштита на животната средина).

Член 5

Надоместокот од  изградба и користење на комерцијални објекти на кои им е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место изнесува 5 .000,00 денари.

Член 6

Прекумерно користење на општински пат и улица, или негов дел , времено или трајно користење на патот – улицата со повеќе од 50% од сите извршени превози  на стока на патот, поради зврешување  на инвестициони работи или заради вршење на производни и услужни дејности( искористувањ на камења, руди и друго).

- За времено користење  700,00 денари по поминат километар на ден,
- За трајно користење 300,00 денари по поминат километар на ден.

Дозвола  за прекумерено користење на општинскот пат – улица издава Градоначалникот на оптина  Босилово.

Член 7

Користењето на општинскиот пат – улица  со возило кое е  празно или заедно со товарот ги  надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок , се врши врз основа на дозвола за вонреден превоз издадена од Градоначалникот на општина Босилово, по предходна согласност издадена од Министерството за внатрешни работи.

Член 8

Надоместокот за сторена штета сторена на патот – улицата  ја утврдува комисија формирана од Градоначалникот на оптина Босилово врз основа на извршен увид и проценка на сторената штета.

Комисијата е составена од 3 (три) члена и тоа :

- Два преставника од општината
- Еден преставник од МВР- СВР Струмица

По добивањето на согласност, односно дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас на општинските патишта и улици, барателот( инвеститорот) е должен да депонира(авансно)сресства по основ на надоместок за сторена штета или враќање во поранешна состојба , кои ќе бидат утврдени  со предходен увид и проценка од општината подоцна доколку се утврди од комисијата  од став 2 на овој член повисок или помал износ соодветно ќе се постапи.

Член 9

Обезбедените срества  од чл.1 на оваа Одлука, општината ги распоредува  за изградба , реконструкција  и заштита на општинските патишта и улици.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во Службен гласник  на општина Босилово.

Очекуван приход ........................................................................200.000,00 денари

Бр.08-2496/1 | Совет на општина
Босилово | 10.12.2024 година
Претседател,
Б о с и л о в о | Мито Андонов
с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член  81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2496/1 за изработка на Урбанистички планови во општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2514/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на чл. 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32 од 10.02.2020 год.) и чл.36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и чл.21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово) Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, донесе:

**П Р О Г А М А**

***за изработка на Урбанистички планови во Општина Босилово за***

***2025 година.***

| | ***НАЗИВ НА ПЛАН*** | ***НАМЕНА НА ПЛАН*** | ***ПОВРШ ИНА*** | ***СТАТУС СО РОК НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | Урбанистички план за с.Турново | А – домовање<br>Б-Комерцијални и деловни намни<br>В-Јавни институции<br>Г3-Сервиси<br>Д-зеленило,спорт,рекреација и меморијални простори<br>Г2-лесна и незагадувачка индустрија | 89,10 ха | I и II Квартал во 2025 година |
| 2. | Изработка на урбанистички план за с.Сарај. | А – домовање<br>Б-Комерцијални и деловни намни<br>В-Јавни институции<br>Г3-Сервиси<br>Д-зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори<br>Г2-лесна и незагадувачка индустрија | 58 ха | IV Квартал во 2025 година. |
| 3. | Урбанистичкиот проект | Е1.13 – фотоволтаични | 50ха | III Квартал во 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од членот 58 став (2) за изведување на фотоволтаични плантажи за Дел од КП бр.241, КП бр.15 и КП бр.7 КО Хамзали | електрани | | година. |
| 4. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на сончеви електрани на КП бр.1168, 1276, 1277, 1278, 1289, 1290 и 1292 сите во К.О. Дрвош | Е1.13 – фотоволтаични електрани | 16ха | IV Квартал во 2025 година |
| 5. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на сончеви електрани на КП бр. 286, 252, 249, 253, 255, 254, 256, 270, 247, 254, 257, 258, 256, 262, 259, 260, 190, 191, 230, 241, 242, 240, 232, 233, 189, 188, 196, 187, 234, 172/3, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 176, 177, 178, 179, 161, 180, 234 сите во КО Иловица вон град | Е1.13 – фотоволтаични електрани | 15ха | IV Квартал во 2025 година |
| 6. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на сончеви електрани на КП бр. 360, 361, 362, 363, 364, 365, 366, 375, 378, 346, 347, 348, 383 сите во КО Хамзали | Е1.13 – фотоволтаични електрани | 36ха | III Квартал во 2025 година |
| 7. | Измена и дополнување на урбанистички план за дел од село Робово, блок 8 и 10 | Г2, Г3, Г4 – лесна и помалку загадувачка индустрија, сервиси, стоваришта | 27,41ха | I Квартал во 2025 година |
| 8. | Урбанистички план за с.Петралинци | А – домување<br>Б-Комерцијални и деловни намни<br>В-Јавни институции<br>Г3-Сервиси<br>Д- | 70ха | I и II Квартал во 2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | зеленило,спорт,рекреација и меморијални простори Г2-лесна и незагадувачка индустрија | | |

II. Програмата влегува во сила веднаш по нејзиното донесување,а ќе се објави во службен гласник на Општина Босилово.

Бр.08-2496/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 год. Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Совет на Општина Босилово
Претседател
Мито Андонов

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2497/1 за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2515/1
10.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на чл 84 став 1 и чл.85 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.17/2011 год.)и чл.21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Босилово (Службен гласник на Општина Босилово Босилово бр.64/2010 год.), Градоначалникот на Општина Босилово на советот на Општина Босилово му предлага на седницата на советот на Општина Босилово што ќе се одржи на ден 10.12.2024 год. да ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2025 год.**

ВОВЕД:

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови и други урбанистички документации на територијата на Општина БОСИЛОВО.

**I. Просторот кој е предмет на уредување**

Како простор кој е предмет на уредување на земјиштето што се уредува се смета изградено и неизградено земјиште на просторот на Општина БОСИЛОВО.

I.1 Приградски реон - Руралните средини кои влегуваат сите простории во состав на Општина БОСИЛОВО (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште. Во приградски реон влегуваат:

- сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина БОСИЛОВО за кои постои урбанистичка документација (Урбанистички план за село, Општ акт за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка планска документација, Детален урбанистички план или друг тип на урбанистичка документација).
- влегуваат и сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина БОСИЛОВО како и средства за планиран иден развој, а трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.
- Во приградски реон, влегуваат и сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19). Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина БОСИЛОВО како и средства за планиран иден развој.

**Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Под обем на работите за подготвување и расчистување  на градежното земјиште се подразбира:

- Изготвување на урбанистички планови и планско-проектна документација со инфраструктура;

- Оформување и обезбедување на геодетска документација подлоги и елаборати;

- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот;

- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата;

- Отстранување на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) со транспорт на градежниот шут до депо.

- Програмирање на уредувањето.

## II. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр.193/16, 72/18 и Службен весник на РСМ бр.16/22).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

**III.1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,

- подземна електрична мрежа,

- улично осветлување,

- водоводна мрежа,

- фекална канализација и

- атмосферска канализација.

**III.2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од точка III.1 како и:**

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа,

- топлификациона мрежа,

- паркинг простори,

- гасоводна мрежа и

- пречистителна станица за отпадни води.

**III.3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,

- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),

- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),

- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),

- нестандардно улично осветлување и

- надземна нестандардна електрична мрежа.

*Претходно изградените инсталации, доколку останувааат под објектот, нивната заштита и дислокација паѓа на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

**III.4. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште**

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето се земени комлекси со индивидуална и колективна станбена изградба со целосна изграденост.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци по зони изнесува и тоа согласно:

- Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.54/1 од 25.05.1994 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.03/94);

- Одлука за измена и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.07-2337/4 од 11.09.2006 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.16/06“);

- Одлука за измени и дополнување на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.07-279/5 од 09.02.2011 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.2/11“).

Сите објекти опфатени со ОА за село, УПС, УПВНМ, ДУПД и др. урбанистичка документација со која се формираат и разработуваат повеќе ГП надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврдува во согласност со табелата во точка V која се однесува за приградски реон III зона.

Истата ќе се применува во зависност од зоната и уреденоста во која се наоѓа предметната парцела, односно Рурална (20%, 25% или 30%).

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 3, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од правилникот, за најмалку 80% од утврдените трошоци

за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

**IV. Приградски реон (спроведување врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП и други поединечни градби кои се дозволуваат со друг закон, формирање, урбанизација или изградба на една ГП или КП)**

Сите поединечни градби, кои се спроведуваат врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП вон опфат на урбанистички план и други законски регулативи со кои се дозволува изградба на една ГП или КП, каде што во моментот нема проектирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина БОСИЛОВО да ја изгради инфраструктурна мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и уреденоста на градежното земјиште.

Во оваа група влегуваат и:

- Сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

- Сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19).

Уреденост на градежното земјиште согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Надоместокот кој ќе треба да го исплатат е во согласност со претходно вложените средства за изведени комунални инфраструктури, а евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура и изградбата на нови инфраструктури ќе се доуредуваат во постапка согласно Законот за градење. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

Доколку станува збор за делумно уредено или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење.

Доколку корисникот на земјиштето сам ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

## IV. Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 3 од програмата, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | |
| | **КЛАСА НА НАМЕНА „А1“** | **250 ден/м²** |
| | **КЛАСА НА НАМЕНА „А4“** | **400 ден/м²** |
| | Станбени простории | 1,0 Коефициент |
| | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор* | 0,2 Коефициент |
| | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 Коефициент |
| | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| | Балкони, тераси | 0,2 Коефициент |
| | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 Коефициент |
| | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 Коефициент |
| | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 Коефициент |
| | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 Коефициент |

| | | |
|---|---|---|
| | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 Коефициент |
| | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| **2** | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **750 ден/м²** |
| | Простории | 1,0 Коефициент |
| | Магацини | 0,5 Коефициент |
| | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 Коефициент |
| | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 Коефициент |
| | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 Коефициент |
| | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 Коефициент |
| | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| | Балкони, тераси | 0,4 Коефициент |
| | Отворен наткриен простор | 0,3 Коефициент |
| **3** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **1 250ден/м²** |
| | Катни гаражи | 0,05 Коефициент |
| | Спортски покриени објекти | 0,5 Коефициент |
| | Спортски откриени објекти | 0,3 Коефициент |
| | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| | Базени | 0,2 Коефициент |
| | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 Коефициент |
| **4** | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **3 750 ден/м²** |
| | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| | Г3 – Сервиси | 0,05 Коефициент |
| | Г4 – Стоваришта | 0,05 Коефициент |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **2 500 ден/м²** |
| | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| **6** | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | **35 000 ден/м²** |
| | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **7** | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | **25 000 ден/м²** |
| | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **8** | **За објекти за високо образование** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **9** | **За објекти за култура** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,01 Коефициент |
| **10** | **За згради за здравствена дејност – В2** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **11** | **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)** | **9000 ден/м²** |
| | | 0,01 |

| | | |
|---|---|---|
| **12** | **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)** | **согласно правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РСМ 16/2022)** |
| | за 50% од површината на градежната парцела | |
| **13** | **За градби за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)** | **1 200 000 ден/един.** |
| | за една ветерница | 1 |
| | За енергетски градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и од сончева енергија - **ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА КОЈА СЕ ПОСТАВУВА НА ОБЈЕКТ не се предвидува надоместок за уредување на градежно земјиште**. | |
| 14 | За Агро берзи,откупно дистрибутивни центри или пазари | **1 500 ден/един.** |
| | Агро берзи,откупно дистрибутивни центри или пазари | 0,05 Коефициент |
| 15 | ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗГРАДИ | **1 500 ден/един.** |
| | Градби за одгледување на животни | 0,05 Коефициент |
| | Рибници | 0,05 Коефициент |
| | Градби за складирање на земјоделско производство | 0,05 Коефициент |
| 16 | **ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ВОДОВИ** | **250 ден/м** |

| | | |
|---|---|---|
| | Надземни или подземни телекомуникациски, ниско напонски и високо напонски електрични водови и мрежи | 1,0 Коефициент |
| | Релејни системи | 1,0 Коефициент |
| | Телекомуникациски столнови кули и антени | 1,0 Коефициент |

* Дадената коефициент во табела, точка 1 алинеа 2, за станбени простории од 2,5м' е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот (од готов под до плафон). Во согласност со член 125 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите („Службен весник на РМ" бр.60/12); поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Над ѕидот на фасадиите ѕидови, (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50 m' рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот.

Доколку на страните над кои има надѕидок (во вертикалната рамнина над градежната линија) има дополнителни надвишувања повисоки од 1,50 m' во должина од 50% до 75% од вкупната должина на истите, ќе се применува коефициент 0,5.

За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенски столб, висината на надоместокот ќе се пресметуваат по вредности за деловни простории, согласно зоната во која се наоѓаат. Висината на антенскиот столб ќе се пресметува во сооднос како површина односно 1m'=1m² деловен простор.

Компатибилните намени на објекти со основна класа на намени „Станбените објекти", ќе се пресметуваат по вредност за „Деловни и јавни објекти", согласно зоната во која се наоѓа објектот.

При поставување на фотоволтаични панели на кров или фасада на постоен објект, истото се смета за поставување на опрема на објект, не се добиваат дополнителни корисни површини и не се пресметува надомест за уредување на градежно земјиште.

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;

- окната за лифтови;

- окна на врати;

- отворени паркиралишта;

- подземни резервоари и

- објекти заштитени како културно наследство (поединечни градби - споменици на културата)

За објектите од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина и за други објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW, ниско напонски и среднонапонски електрични инфраструктурни водови, ПТТ инфраструктурни водови, како и за објекти и градби каде што инвеститор е Општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и ходроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

**VI.1. Распределба на средствата**

Распределбата на средствата ќе се врши согласно следната табела:

| **ОСНОВЕН СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка | 8 % |

| | | |
|---|---|---|
| | документација за населени места | |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15 %<br>10 %<br>28 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 10 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл.) | 4 % |
| **ПОВИСОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа | 3 % |
| 2. | Топлификациона мрежа | 5 % |
| 3. | Паркинг простори (јавни паркинг простори, одалечени не повеќе од 30м од најблиската точка на ГП) | 4 % |
| 4. | Гасоводна мрежа | 8 % |
| 5. | Пречистителна станица за отпадни води | - |
| **ПОНИЗОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат | 13 % |
| 2. | сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа) | - |
| 3. | септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) | - |
| 4. | сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација) | - |
| 5. | нестандардно улично осветлување | 3% |
| 6. | надземна нестандардна електрична мрежа | 4% |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

**VI.2 Отстранување на постоен објект (пребивање на комуналии)**

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во ваквите случаи, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се отстранува, тогаш инвеститорот не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

**VI.3 Пренамена на просторот**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен и деловен) во станбен простор не се наплатува.

**VI.4 Претходни договори**

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина БОСИЛОВО и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Доколку инвеститорот се откажи од изградбата, потребно е да достави доказ дека документацијата му била поништена како и чист имотен лист (без запишано право за градење- товар) со што би можел да им се врати уплатениот надоместокот во целост.

**VI.5 Самоиницијативно изградена инфраструктура**

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфрструктура, не се признаваат освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавените комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**VI.6 Начин на одложено плаќање**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и банкарска гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 120.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

**За вкупен износ на надоместокот од 120.000,00 до 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

***За вкупен износ на надоместокот над 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Одобрението се издава во регуларни рокови согласно Законот за градење и Законот за општа управна постапка, а доколку инвеститорот не ги подмирува договорните обврски навремено се активира банкарската гаранција за нејзино подмирување во целост.

**V. Динамика на извршување на програмата**

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на ОПШТИНАТА, поради што во повеќе фази со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната промена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

Расходите за изградба и реконструкција на улици, канализација - колекторскиот систем, капацитетите во водоснабдувањето и капацитети во енергетиката ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

**VI.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот и Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Советот на Општина БОСИЛОВО. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите согласно член 22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. 130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19; 18/20 и 279/20).

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина БОСИЛОВО заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина БОСИЛОВО, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина БОСИЛОВО, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии и Јавните комунални претпријатија, треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Наплатата за повисок степен на уредување на просторот ќе започне да се применува, кога ќе се створат технички услови за наплата на истиот, односно информации од постојната и новопланираната мрежа во ГИС систем како и приспособување на систем за пресметка на комуналии согласно предвидените проценти на распределба.

Оваа програма влегува на сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина БОСИЛОВО“, а ќе се применува и ќе може да се дополнува по потреба до донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште за наредната година.

Барањата кои се поднесени пред стапување на сила на оваа програма ќе се пресметуваат во согласно со програмата која била на сила во времето на нивното поднесување.

Бр.08-2497/1
10.12.2024 година
Б о с и л о в о

Совет на општина Босилово
Претседател,
Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2498/1 за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Босилово,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2516/1
10.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Закон за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ“ бр.123/2008), и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема (Сл.весник на РМ бр.36/2010) донесено од Министерството за транспорт и врски, Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Босилово

1. Цел на Програмата

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на општина Босилово;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Вработување на невработени лица;
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (телефонски говорници,

автобуски постојки, продажба на весници,сувенири, цвеќиња, места на одмор);

2. Видови на урбана опрема

Според член 80 и 80-а од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено и неизградено земјиште во сопственост на Република Северна Македонија. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, места за одмор, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-козуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или

без настрешници, платформи за јавни манифестации, на копно и на водена површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Босилово, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м², а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

Телефонски говорници

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

Монтажно-демонтажни типски објекти

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 м², кои можат да се постават на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

(1) Обликовни услови

- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

(2) Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

(3) Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).
- Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м² до 16,0м² и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот има четри типа на автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А - само автобуска постојка

Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

б) Тип Б - автобуска постојка со билетара

Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

в) Тип В - автобуска постојка со киоск

Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

г) Тип Г - автобуска постојка со билетара и киоск.

Во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува Општина Босилово.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5м.

Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м². За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го

попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Тераси, шанкови и настрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 225/2020), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се дефинира со основен проект. Со основниот проект се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса за вршење на угостителска дејност со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настршници) поставени на една тераса теба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да биде прицврстен за подлогата.

Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставувње на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина не поголема од 0,8 м.

Оградите и жардињерите треба да биде изведени од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

Покриени и отворени шанкови

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.
Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

Самостоечките рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 169/15).

Минималната висина за слободен простор под самостоечката рекламна табла изнесува 2,4м. сметано од кота на терен.

За поставување на патоказни табли потребно е посебно одобрение од Министерство за транспорт и врски на РСМ.

Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или

неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, покриени клупи за одмор

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м x 1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Паркиралишта за велосипеди

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди.

Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена. Не е дозволена продажба на храна.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Елементи  за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поствуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично).

2.1 Критериуми за определување на видот на урбаната опрема

За определување на типот на урбаната опрема која треба да се постави служат следните критериуми:

- функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;

- естетско морфолошки критериуми со што се овозможува редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност;

- материјално експлоатациони критериуми кои ги одредуваат економските аспекти - категорија, време и објекти.

Урбаната опрема која ќе се поставува на подрачјето на општина Босилово треба да ги задоволува основните барања за градбата согласно Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16  и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20).

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречувава или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема  со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее на никаков начин да биде трајно прицврстена за подлогата, а поставувањето и отстранувањето треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема  не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави  урбана опрема, изнесува 3,2м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5м.

При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема мора да се запазат следните стандари: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

Максималната дозволена површина на која ќе се постави урбаната опрема пред деловниот објект каде се врши дејноста може да биде најмногу до 30% поголема од вкупната површина на деловниот објект запишана во имотен лист.

Површината која се издава за поставување на урбана опрема може да се даде на користење само на еден барател.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м, а во централното градско подрачје 2.5м.

Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Доколку пешачката површина е поголема од 5,0м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснаб-дување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опремата за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај критериумите наведени во оваа програма мора да се почитуват и специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да бидат само на едно ниво, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

2.2. Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење (“Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20).

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

3. Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Закон за градење (“Сл.весник на РМ“ бр130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се нарушува основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Босилово.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општина Босилово.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема.

Општина Босилово на почетокот на секоја календарска година ги објавува потребите од определување на локации за поставување на урбана опрема и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на урбана опрема и начинот на неговото издавање (Сл.весник на РМ бр.123/08), Одобрението за поставуавње на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува стручна служба на Општина Босилово.

Општина Босилово согласно Законот за градење (“Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) води регистар на издадени одобренија за поставување и отрстранување на урбана опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Босилово, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема. Одобрението го издава градоначалникот на општина Босилово.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловен простор, одобрението за поставување може да се издаде само ако корисникот на деловниот простор обавува примарна дејност согласно член 2 од Законот за градење.

Кога површината пред деловниот простор на која се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловен простор.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)

- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)

- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)

- годишно, за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.)

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на општина Босилово, со потребната документација во прилог.

I. За урбана опрема која се поставува за вршење дејност, и тоа: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед;

1. Основен проект за урбана опрема изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;

2. доказ за регулирано плаќање на комуналната такса;

II. За урбана опрема која се поставува за вршење дејност и тоа: тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови:

1. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;

2. Доказ за регистрирана дејност на барателот - Извод од Централен Регистар;

3. Доказ за регулирано плаќање на комуналната такса;

4. Извод од Програма, со микролокациски услови;

III. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатко-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти:

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата; За светлечки рекламни паноа основниот проект треба да содржи и фаза Електрика.

IV. Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на вода, и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење дејност:

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

V. Фонтани

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

VI. Урбана опрема од културен и верски карактер

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

VII. Зона на урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, детско игралиште и фонтани

1. Извод од Програма, со микролокациски услови

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Општина Босилово (во натамошниот текст надлежен Сектор при ОГ).

Надлежниот Сектор при ОГ врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон и критериумите, начинот и условите за поставување на урбана опрема наведени во оваа програма.

Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект се издава на име на барателот, физичко или правно лице кое ја обавува дејноста во деловниот објект. Во зависност од тоа дали барателот е во својство на сопственик или закупец на деловниот објект кон барањето за

користење на јавна површина за поставување на урбана опрема се приложува имотен лист не постар од 6 месеци за барател-сопственик на деловен објект и важечки договор за закуп со сопственикот на деловниот објект за барател-закупец, во кој случај Одобрението за поставување на урбана опрема се издадава за период не подолг од времетраењето на договорот за закуп.

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,

- престане важењето на одобрението за вршење дејност,

- не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени со вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања,

Во случаите од претходно наведеното, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 (шест) месеци.

Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку од било кои причини престане да важи договорот за закуп на барателот-закупец со сопственикот на деловниот објект.

Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку во имотен лист се промени сопственоста над деловниот објект.

Во овие случаи ново одобрение може да се издаде на нов барател кој кон барањето ќе ги приложи претходно наведените прилози.

Јавната површина на која се однесува изаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја оздаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

7. Извори на финансирање на програмата

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Босилово се финансира од буџетот на општината.

7.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

8. Динамика на реализација на програмата

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

9. Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20).

10. Преодни и завршни одредби

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Босилово во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општината.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Босилово,“ а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр.08-2498/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 год. Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2499/1 за поставување на спомен биста на Мануш Горгиев Турновски во дворот пред Домот на културата во с.Турново,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2517/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За поставување на спомен биста на Мануш Горгиев Турновски во дворот пред Домот на културата во с.Турново**

Член 1

Да се постави спомен биста на Мануш Горгиев Турновски во дворот пред Домот на културата во с.Турново.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2499/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2500/1 за реализација на Новогодишната Програма „Новогодишна магија-Босилово 2025 година“ ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2518/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВОГОДИШНАТА ПРОГРАМА НОВОГОДИШНА МАГИЈА – БОСИЛОВО 2025**

**<u>1.ПРЕДЛОГ НА АКТИВНОСТИ</u>**

1. **Новогодишна забава за деца**

   - Фотографирање со Дедо Мраз
   - Интерактивна забава со јунаците од цртаните филмови (Аниматори за деца)
   - Доделување на новогодишни пакетчиња

   **Место:** Центар во с.Босилово
   **Датум:** 25.12.2024 година

   **Планирани средства**: 13.000,00 денари за аниматори, озвучување и логистика.

2. **Новогодишен концерт на КУД ФА „Гоце Делчев“-Босилово**

   **Место:** Дом на култура во Босилово
   **Датум:**26.12.2024 година

**Планирани средства:** Годишна програма на КУД ФА „Гоце Делчев“ Босилово.

3. **Новогодишна приредба за деца од ООУ „Гоце Делчев“-Босилово**

   **Место:** Дом на култура во Босилово
   **Датум:**27.12.2024 година

4. **Новогодишен базар**
   - Изложба на новогодишни ракотворби
   - Музика
   - Дегустирање на греано вино
   - Дегустирање на греана ракија
   - Дегустирање на топол чај
   - Домашни колбаси

   **Место:** Центар во с.Босилово
   **Датум:** 29.12.2024 година

**Планирани средства:** 12.000,00 денари за озвучување, водител и логистика.

5. **Новогодишна претстава за деца од ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица**

   **Место:** Дом на култура Секирник
   **Датум:** 30.12.2024 година

6. **Новогодишно божиќен турнир во шах**

   **Место:** Мултифункционалнен центар с.Босилово
   **Датум:** 04-05.01.2025 година

**Планирани средства:** 15.000,00 денари

7. **Хуманитарна акција – Божиќни празници за сите**
   (доделување на пакети од храна и пијалоци на социјално загрозени фамилии)

   **Датум:** 07.01.2025 година

   **Планирани средства:** 5.000,00 денари

8. **Четврта традиционална божиќна средба „Сите сме исти и сите заслужуваме радост“**

**Место:** Етно ресторант „Кај Виктор“ - Босилово
**Датум:** 09.01.2025 година

**Планирани средства:** 5.000,00 денари**.**

**9. Проекција на новогодишен филм**

**Место:** Дом на култура Босилово
**Датум:** 12.01.2025 година
**Планирани средства**: 10.000,00 денари

**2.ФИНАНСИРАЊЕ**

Планираните средства за секоја активност во рамки на оваа програма ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Босилово за 2025 година и истите изнесуваат 60.000,00 денари.

**3.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Реализацијата на новогодишната програма ќе биде преку КУД ФА „Гоце Делчев“-Босилово и за таа цел средствата ќе се исплатат на сметка на КУД ФА „Гоце Делчев“-Босилово.

Покрај КУД ФА „Гоце Делчев“-Босилово поддршка во реализацијата на програмата ќе дадат ООУ „Гоце Делчев“-Босилово и ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица.

Бр.08-2500/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2501/1 за доделување на 100 Новогодишни пакетчиња за децата од ПОУ „Св.Кирил и Методиј“-с.Секирник во рамки на Новогодишната програма ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2519/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на 100 Новогодишни пакетчиња за децата од ПОУ „Св.Кирил и Методиј“-с.Секирник во рамки на Новогодишната програма**

Член 1

Да се доделат 100 Новогодишни пакетчиња за децата од ПОУ „Св.Кирил и Методиј“-с.Секирник во рамки на Новогодишната програма.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“

Бр.08-2501/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“

бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Решението бр.08-2502/1 за разрешување на член Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово ,донесено на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2520/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 28 и член 81,став 2 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на член на Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев “-Босилово**

Член 1

Се разрешува членот на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово лицето Милена Гавровска од с.Босилово,поради истек на мандатот.

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2502/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Решението бр.08-2502/2 за именување на член Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово ,донесено на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2520/2 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 28 и член 81,став 2 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на член на Училишниот Одбор на ООУ „Гоце Делчев “-Босилово**

Член 1

За член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“-Босилово се именува лицето Милена Гавровска од с.Босилово,за мандатен период од 3 (три) години.

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2502/2 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,

Б о с и л о в о          Мито  Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член  81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на  Одлуката  бр.08-2503/1  за  прифаќање на донација од Наце Трајков од с.Муртино кој живее и работи во Италија ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден  10.12.2024 година.

Бр.09-2521/1               Општина Босилово
10.12.2024 година       Градоначалник,
Б о с и л о в о         Ристо Манчев  с.р.

Врз  основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Слижбен весник на РМ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Босилово (Службен гласник на општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од Наце Трајков од Муритно, кои живее и работи во Италија**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Босилово дава согласност за прием на донација која што Наце Трајков од Муртино, сака да ја донира на општина Босилово.

Член 2

Наце Трајков од Муртино на општина Босилово ќе и донира:

- 14 HP компјутери,
- 1 LENOVO компјутер,
- 2 FUGITSU компјутеи,
- 6 SAMSUNG монитори,
- 8 HP монитори,
- Кабли за сите уреди,
- 17 тастатури,
- 17 глувчиња за компјутерите.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен  гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2503/1    Совет на општина Босилово
10.12.2024 година      Претседател,
Босилово                Мито  Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член  81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на  Одлуката  бр.08-2504/1  за доделување на финансиски средства на Организациониот  Одбор од с.Дрвош како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари ,донесена на педесетипрвата  седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2522/1              Општина Босилово
10.12.2024 година      Градоначалник,
Б о с и л о в о           Ристо Манчев  с.р.

Врз  основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2504/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2505/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2523/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2505/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2506/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2524/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2506/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2507/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како спонзорство за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2525/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово за организирање на Новогодишна лотарија,во износ од 15.000 денари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2507/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2508/1 за доделување на финансиски средства на Фестивалот на детски песни „Песни под елка –Штип 2024 година“како спонзорство за организација на Фестивалот на дерн 27.12.2024 година,во износ од 18.500 денари ,донесена на педесетипрвата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.12.2024 година.

Бр.09-2526/1 Општина Босилово
10.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 10.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Фестивалот на детски песни „Песни под елка-Штип 2024“ како спонзорсво за организација на Фестивалот на ден 27.12.2024 година,во износ од 18.500 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Фестивалот на детски песни „Песни под елка-Штип 2024“ како спонзорсво за орагнизација на Фестивалот на ден 27.12.2024 година,во износ од 18.500 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2508/1 Совет на општина Босилово
10.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.